12

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Ресен , на ден 29.01.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV подземен кабелски вод извод Царина од постоечка разводна постројка Отешево на КП 2/9 во КО Отешево до постоен столб КО Стење , во КО Отешево,КО Стење Општина Ресен кој се носи согласно чл.58, ст.(6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ “ бр.32/20 и 111/23) , не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен, www.resen.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став ( 4 ) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV подземен кабелски вод извод Царина од постоечка разводна постројка Отешево на КП 2/9 во КО Отешево до постоен столб КО Стење , во КО Отешево,КО Стење Општина Ресен, нема влијание врз животната средина од следните причини: изградбата на линиска инфраструктура од аспект на животната средина не придонесува за загадување, уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предметниот простор на урбанизација. Напротив, со инсталирањето на овој тип извор на електрична енергија на индиректен начин се придонесува за помала емисија на $CO_2$, од причини што се заменуваат конвеционални начини на производство на елек.енергија како што се термоелектраните . Согласно чл.54, ст.(4) од Законот за урбанистичко планирање, предметното земјиште кое со оваа проектно планска документација се урбанизира го задржува статусот на земјоделско земјиште, градежните активности за изведба на ваков тип на градби не вклучуваат поголеми градежи зафати туку мали интервенции за поставување на монтажно, демонтажни елементи.

Инвеститорот во подоцнежните фази од постапката се задолжува со изработка на Елаборат за животна средина, за чие одобрување на истиот е надлежен Министерот за животна средина.

4. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09 - 2125/2
25.08.2025
Место, Ресен

**Градоначалник на општина Ресен**

**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН ПРЕСПА РЕСЕН

Архивски знак:
Рок на чување:
Потпис:
20 год.

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV подземен кабелски вод извод Царина од постоечка разводна постројка Отешево на КП 2/9 во КО Отешево до постоен столб КО Стење , во КО Отешево,КО Стење Општина Ресен |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Ресен |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Ресен |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Управител<br>м-р Владимир Стојаноски, дипл.ел.инж.<br>Овластување бр.: 4.0210 |
| Назив на работното место | Управител |
| Контакт податоци за лицата | Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид<br>Ул. Момчило Јорданоски бр.149, Охрид |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Донесувањето на планскиот документ произлегува од потребата за изградба и развој на планираниот опфат<br>Согласно чл.58, ст.(6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ " бр.32/20 и 111/23) | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Не | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Не | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Не | Член:/ | Точка:/ | Алинеја:/ |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесување Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)kV подземен кабелски вод извод Царина од постоечка разводна постројка Отешево на КП 2/9 во КО Отешево до постоен столб КО Стење , во КО Отешево,КО Стење Општина Ресен | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |

| |
|---|
| Предмет на планскиот документ е планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2025 година |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Не е предвидено ревидирање |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Површината на проектниот опфат за кој се преклопува со условi за планирање Y 42423 изнесува 2488,33 мl,а должината на кабелот изнесува 2488 м1.<br>Проектниот опфат се наоѓа во:<br>КП 2/12, КП 2/2, КП 2/5, КП 2/6, КП 2/8, КП 2/9, КП 37/3, КП 43/1, КП 43/4, КП 44, КП 46, КП 48, КП 49/1 во КО Отешево<br>КП 1/3, КП 1215, КП 1216, КП 151, КП 155/1, КП 156, КП 157, КП 26, КП 34, КП 36, КП 6, КП 7 во КО Стење<br>Предвидено е да се изгради Новопланиран кабелски вод составен од систем на три едножилни кабли тип NA2XS(F)2Y 3x(1x240 mm2) .<br>Широчина на проектниот опфатот планиран за подземниот вод е 1 м1 .<br>Вкупната Површината на проектен опфат изнесува 3481,683 мl.<br>Вкупната Должината на кабелот изнесува 3481м1. |

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




Општинска граница

Катастарска граница

Традиционални куќи за потреби на туризмот-Y37122



Ленд Хаус Тренд - Ресен

# АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

К.О. Отешево и КО.Стење

Размер 1:10.000




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

| |
|---|
| Да |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Не |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| **Имплементација на планскиот документ нема битно да влијае врз животната средина и здравјето на луѓето.** | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација ќе се постигне рационално уредување и искористување на просторот,се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост, ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации и слично, Овие влијанија се отценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема ризици по заштита на животот и здравјето на луѓето. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска** | Просторот што го зафаќа планираниот проектен опфат на вака предложениот У.П. има:<br>Широчина на проектниот опфатот планиран за подземниот вод е 1 м1 .<br>Вкупната Површината на проектен опфат изнесува 3481,683 мl.<br>Вкупната Должината на кабелот изнесува 3481м1. |

| | |
|---|---|
| **област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Изградбата на среднонапонски кабел од аспект на животната средина не придонесува за загадување, уништување или на друг начин деградирање на истата или на екосистемите во предметниот простор на урбанизација. Напротив, со инсталирањето на овој тип пренос на елекетрична енергија на индиректен начин се придонесува за помала емисија на $CO_2$, од причини што се заменуваат конвеционални начини на пренесување и дистрибуција на електричната енергија . Согласно чл.54, ст.(4) од Законот за урбанистичко планирање, предметното земјиште кое со оваа проектно планска документација се урбанизира, градежните активности за изведба на ваков тип на градби не вклучуваат поголеми градежи зафати туку мали интервенции за поставување на монтажно, демонтажни конструктивни елементи. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Постои економски бенифит кој ќе се оствари со новото пласко решение за предметниот простор, односно ќе се зголеми производството на електрична енергија од обновливи извори со што позитивно би влијаело на животната средина. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во рамките на проектниот опфат Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV подземен кабелски вод извод Царина од постоечка разводна постројка Отешево на КП 2/9 во КО Отешево до постоен столб КО Стење , во КО Отешево,КО Стење Општина Ресен Согласно постапката за носење на предметниот Урбанистички Проект , управата за заштита на културното наследство не се има произнесено во законски предвидениот рок. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со реализација на проектот се предвидуваат парцели за изградба на објекти со намена за линиска инфраструктурна градба |
| **Влијанијата врз областите или** | Нема влијание, во непосредна близина нема заштитени области. |

| | |
|---|---|
| **пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со донесувањето на овој урбанистицки проект ќе следат поголеми домашни инвестиции од од економијата. Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа надвор од градот Ресен, општина Ресен. Земјиштето си го задржува својот статус што го имало и пред извршената урбанизација.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**

**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Планскиот документ согалсно неговите цели го промовира просторниот и економски развој на просторот од аспект на одрржлив развој, т.е. го зголемува производството и преносот на електрична енергија.

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>При спроведување на планскиот документ не се зголеми густината на сообраќајната мрежа, не се зголеми фрекфенцијата на сообраќај, не се зголемува потрошувачката на енергија, вода и нема зголемување на потребата од услуги. Со спроведувањето на планскиот документ генерално позитивно ќе влијае на локалната економија и животната средина со производство и пренос на електрична енергија од обновливи извори. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Реализацијата на планскиот документ претставува донесување на урбанистички проект врз основа на издадени услови за планирање на просторот и Решение од министерството за животна средина и просторно планирање, Просторен План на Република Северна Македонија. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>За предметниот простор нема важечка урбанистичка документација. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна |

| | |
|---|---|
| средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник на Општина Ресен<br>Јован Тозиевски** |
| **Бр.09-**2125/1<br>**Датум** 25 .08.2025 година<br>**Место** Општина Ресен | М.П. |

09
22.09.2025



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 22.09.2025
09 2125/4

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr.ark. 15-3735/2

Дата/Data: 16-09-2025

До: Општина Ресен
7310 Ресен
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 09-2125/3 од 25.08.2025 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр. 15-3735/1 од 04.09.2025 год., поврзано со постапка за носење на планска документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба: Новопланиран СН 10(20) kV подземен кабелски вод извод Царина од постоечка разводна постројка Отешево на КП 2/9 во КО Отешево до постоен столб во КО Стење, КО Отешево, КО Стење – Општина Ресен, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. 09-2125/2 од 25.08.2025 год. и Формуларот бр. 09-2125/1 од 25.08.2025 год., Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Komuna e Resnjës
7310 Resnjë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. juaj 09-2125/3 datë 25.08.2025

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën Tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr.ark. 15-3735/1 nga data 04.09.2025, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Projektin urban jashtë zonës së planit urbanistik për ndërtimin e infrastrukturës lineare: linja e re e planifikuar NS 10(20) kV kabllo nëntokësore – Vërtetim Dogana nga nënstacioni ekzistues Oteshevë në PK nr. 2/9 në KO Oteshevë deri te shtylla ekzistuese në KO Stenje, KO Oteshevë, KO Stenje – Komuna e Resnjës, Ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për mosrealizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 09-2125/2 datë 25.08.2025 dhe Formularin nr. 09-2125/1 datë 25.08.2025, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Izet Mexhiti

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup

Изработил/Përpiloi: Zariye Abazi
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të:
Husamed Agushovski



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk